# МЕДИУМИТЕ НА ЗАЕДНИЦАТА

## Алтернативен поттик на локалната плуралистичка демократија

### ВОВЕД

Овој документ дава насоки за надминување на пречките за развој на онлајн медиумите на заедницата во медиумскиот систем на Република Северна Македонија. Тој е резултат на завршната фаза на пилот-проектот за развивање автентичен модел на онлајн медиум на заедницата што Институтот РЕСИС го спроведуваше во Источниот и Југоисточниот регион на земјава, во периодот од јули 2022 до јуни 2023 година[1]. Документот се надоврзува на наодите од компаративната анализа изработена за потребите на овој проект, во која се разгледува концептот на медиумите на заедницата, европските документи и досегашните искуства на неколку земји во развојот на овие медиуми[2].

Искуствата од другите земји покажуваат дека медиумите на заедницата значајно придонесуваат за разноликоста на целиот медиумски пејсаж, но и за поттикнувањето на активното граѓанство и плуралистичката демократија, особено на локално ниво. Меѓутоа, тие искуства покажуваат и дека развојот и одржливоста на медиумите на заедницата бара постојана посветеност и поддршка на различни засегнати страни, особено од релевантните институции и од самите (локални) заедници на кои им служат овие медиуми.

[1] Платформата ЛокалАктив е развиена со поддршка на Националната фондација за демократија (National Endowment for Democracy) од САД, а во партнерство со 13 граѓански организации од двата региона.
[2] Петреска-Камењарова, Е. „Медиуми на заедницата: концепти, развој, искуства“. Институт РЕСИС, Скопје, февруари 2023.

Овие искуства (вклучително и кусото искуство од работата на ЛокалАктив) покажуваат и дека, иако локалните приказни создадени од граѓански активисти носат нов квалитет и вредности за локалната публика, сепак нивната продукција мора да се темели врз формализирана редакциска структура која на долг рок ќе го обезбеди одржувањето на квалитетот и професионалните стандарди.

Медиумите на заедницата во онлајн сферата речиси воопшто не се развиени во Република Северна Македонија[3]. Причината е главно тоа што не се препознаени во политиките и во легислативата, па поради тоа немаат ниту системска ниту финансиска поддршка од државата. Во РСМ, генерално, медиумската легислатива не ги опфаќа воопшто онлајн медиумите, ниту непрофитните, ниту комерцијалните. Во актуелниот процес на медиумски реформи што се одвива во земјава од септември 2022 година, сé повеќе се разговара за потребата од минимална регулација и на онлајн медиумите, како прашање што се наметнува и со новата Регулатива на ЕУ за слобода на медиумите.

[3] Во медиуми на заедницата можат да се вбројат само трите студентски радија (УГД ФМ од Штип, УКЛО ФМ од Битола и Студент ФМ 92.9 од Скопје), како и непрофитното онлајн радио – Радио МОФ, чии содржини се посветени на младите.

Оттаму, овој документ е изготвен и со цел да придонесе во актуелните дебати за реформите на медиумскиот сектор во земјава, расветлувајќи ги следните прашања поврзани со поставеноста на онлајн медиумите на заедницата во целината на медиумскиот сектор: (1) Улога, дефиниција и правен статус (2) Општествени придобивки од медиумите на заедницата (3) Содржини на медиумите на заедницата (4) Сопственост, управување и раководење (5) Извори на финансирање, и (6) Кадар и обуки.

## УЛОГА, ДЕФИНИЦИЈА И ПРАВЕН СТАТУС

Медиумите на заедницата се директно поврзани со остварувањето на комуникациските права на сите поединци и групи во општеството: правото на пристап до средствата за информирање, правото на креирање и создавање свои медиуми и содржини и правото на слободно комуницирање со другите поединци и групи во општеството. Тие се длабоко вкоренети во структурата и динамиката на заедниците од кои се формирани и на кои им служат, оспособувајќи ги и ангажирајќи ги директно во процесот на создавање и објавување на содржините.

Најопшта дефиниција на медиумите на заедницата е онаа која ги опишува на следниот начин: „Медиуми кои се непрофитни и се во сопственост или се отчетни пред заедницата на која сакаат да ѝ служат. Тие се отворени за учество на членовите на заедницата во креирањето и управувањето со програмите“[4].

Во Ирска, каде овој сектор има долга традиција, ирскиот регулатор развил подетална дефиниција и утврдил конкретни критериуми што треба да ги исполнат медиумите на заедницата:

[4] The State of Community Media in the European Union”, European Parliament, 2007, p.7.

(1) јасно да ја разграничат и опишат географската заедница или заедницата од интерес на која ѝ служат; (2) да ја промовираат и поддржуваат активната партиципација на припадниците на таа заедница на сите нивоа на работење на медиумот; (3) да работат на начин што е во согласност со етосот или системот на вредности врз кој се темели активноста на заедницата и медиумите на заедницата [5].

Во светот, медиумите на заедницата во минатите децении беа развивани главно во радиодифузијата – како радија на заедницата, но во последната деценија во подем се и иницијативите за развивање мултимедијални или онлајн платформи кои им служат на „помали заедници кои ги поврзува географската близина или заедничкиот интерес“.[6] Без оглед на формата на постоење, заеднички карактеристики на овие медиуми се: независноста од власта, бизнис секторот, политичките партии и верските институции; доброволното учество на претставници на граѓанското општество во планирањето, создавањето и дисеминацијата на содржините; непрофитната ориентација; во сопственост се на локалните заедници или на заедниците од интерес на кои им служат; и отчетни се кон заедниците на кои им служат.

Медиумите на заедницата се всушност основани од организациите на граѓанското општество, регистрирани како правни субјекти кои ги унапредуваат правата на некоја група или заедница во општеството или кои го поттикнуваат учеството на припадниците на таа група или заедница во општествените процеси. Тие му припаѓаат на т.н. „трет медиумски сектор“, кој се разликува од јавниот медиумски сервис и од приватните комерцијални медиуми[7].

[5] “Community Media Policy”, Broadcasting Authority of Ireland, 2021.
[6] Петреска-Камењарова, Е. „Медиуми на заедницата: концепти, развој, искуства“. Институт РЕСИС, Скопје, февруари 2023, стр.44.
[7] Council of Europe, Leaflet on Community Media, Strasbourg, 2019.

Во актуелната медиумска легислатива на РСМ медиумите на заедницата се само делумно препознаени во секторот на радиодифузијата, каде можат да се основаат само како радија, со правен статус на непрофитни радиодифузни установи.[8] Легислативата воопшто не ги опфаќа онлајн медиумите во која било правна форма, ниту непрофитните, ниту комерцијалните.

Ваквиот правен вакуум предизвикува низа проблеми и ризици, особено поврзани со нејасниот правен статус, отсуството на транспарентност на сопственоста и изворите на финансирање, како и заштитата на уредувачката политика на онлајн медиумите од различни видови влијанија. Поради тоа, во актуелните дебати за реформи на медиумскиот сектор, сé почесто се изнесуваат аргументи за потребата од законско признавање на нивниот статус и воведување минимални законски правила за функционирањето на овој сектор. Оттаму, некои од најважните прашања што треба да се дефинираат со измените на легислативата се правната форма, видовите субјекти во овој сектор, начинот на регистрација, обврските за транспарентност на сопственоста и изворите на финансирање, заштитата на редакциите и новинарите од различни форми на влијание и сл.

[8] Во членот 65 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се утврдува дека „непрофитна радиодифузна установа може да се основа само за радио емитување и тоа од страна само на образовни, културни и други установи и здруженија на граѓани и фондации со цел за да се задоволат потребите и интересите на специфични целни групи." Во ставот 6 на истиот член стои дека „...универзитетот како високообразовна установа може да основа радио како посебна внатрешна организациона единица (студентско радио) без својство на правно лице."

## ОПШТЕСТВЕНИ ПРИДОБИВКИ ОД МЕДИУМИТЕ НА ЗАЕДНИЦАТА

Јавниот интерес заради кој треба да постојат медиумите на заедницата треба да е јасно идентификуван во законската регулатива со која се дефинира нивната позиција и статус во целината на медиумскиот систем.

На пример, во медиумската регулатива на Ирска и во документот за политики на регулаторното тело вграден е концептот за „општествените придобивки" од медиумите на заедницата, што е дефиниран врз основа на широк процес на јавни консултации. Тоа се: „придобивки за поединците или за колективните актери во заедницата, со кои нивниот живот се подобрува од социјален, културен или економски аспект, или од аспект на нивниот развој, зајакнување и/или благосостојба..." [9]

Генерално, се идентификуваат шест вида општествени придобивки од медиумите на заедницата, а дел од нив би можеле да се прилагодат и при дефинирањето на јавниот интерес на кој треба да му служат медиумите на заедницата во РСМ:

1 - Со директното ангажирање во медиумот на заедницата се зголемува довербата и креативноста и/или се зајакнува чувството на припадност на поединците, особено оние кои припаѓаат на малцинските и маргинализираните групи.

2 - Со стекнувањето вештини и вредности со кои се зајакнува идентитетот на заедницата, се зголемуваат и можностите за вработување на поединците.

3 - Членовите на заедницата се информирани и свесни за она што се случува во нивната заедница и поширокото опкружување.

4 - Членовите на заедницата реагираат поефикасно на прашањата од локално, регионално или глобално значење – затоа што имаат пристап до различни гледишта и до повеќе квалитетни информации.

5 - Се зголемува капацитетот за застапување и исполнување на целите на граѓанските организации и на другите колективни актери.

[9] „Community Radio Delivering Social Benefit", Broadcasting Authority of Ireland, 2020.

6 - Преку интеракција и колективна акција се зголемува чувството за идентитет и кохезивност на самата заедница.

Концептот за општествените придобивки би можел да се користи за проценка на вредностите и придонесот што ги создаваат медиумите на заедницата во пошироката општествена заедница.

## СОДРЖИНИ НА МЕДИУМИТЕ НА ЗАЕДНИЦАТА

Од самата дефиниција на медиумите на заедницата се подразбира дека објавените содржини треба да ги рефлектираат посебните интереси и потреби на заедницата на која ѝ служи медиумот и дека во нивното создавање треба да бидат вклучени самите припадници на таа заедница. Искуствата на другите земји, но и искуството од работата на ЛокалАктив, покажуваат дека развојот на еден одржлив сектор на медиумите на заедницата зависи од тоа дали медиумот ќе успее да создаде еден нов и уникатен „форум за комуникација" меѓу поединците и групите во заедницата на која ѝ служи.

Содржината е срцето на медиумот на заедницата, и токму затоа, таа треба да ја рефлектира разноликоста на заедницата на која ѝ е наменета и треба да ги поттикнува припадниците на заедницата да партиципираат во нејзиното создавање, градејќи ги нивните комуникациски вештини и способности. Создавањето содржини, сепак, подразбира дека медиумот има ресурси за да ги спроведе на професионален начин сите фази на продукцискиот процес. Ова значи дека мора да постои осмислен и структуриран процес на планирање, реализирање и евалуирање на произведената содржина од аспект на утврдената рамка на општествени придобивки за заедницата на која ѝ е наменета содржината.

Дигиталните технологии во голема мера го олеснуваат процесот на продуцирање и дисеминација на содржините, но исто така носат и нови можности во поглед на пристапот и ангажманот на припадниците на заедницата во генерирањето теми и содржини што се релевантни за нив. Медиумите на заедницата треба да ја зачуваат токму таа оригиналност и уникатност на нивните содржини, која всушност значи нова дистинктивна вредност во целината на медиумскиот пејсаж.

Комуникацијата преку интернетот и социјалните мрежи овозможува поголем пристап на припадниците на заедницата до создадените содржини и нивни ангажман во врска со прашањата од важност за заедницата, што се идентификувани во содржините. Онлајн платформите и социјалните мрежи ја олеснуваат дисеминацијата на содржините до поголема група граѓани, дури и надвор од заедницата за која се наменети. Медиумите на заедницата треба да го искористат овој потенцијал на технологиите, но исто така да водат сметка за потенцијалните негативни аспекти – во смисла на одговорно и брзо реагирање на евентуален говор на омраза и дискриминирачки и навредливи коментари кон припадниците на групи и заедници, врз која било основа.

## СОПСТВЕНОСТ, УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО МЕДИУМИТЕ НА ЗАЕДНИЦАТА

За медиумите на заедницата е карактеристично тоа дека се основани и управувани од непрофитни субјекти. Покрај тоа, во нивната управувачка структура и во самото работење од клучно е значење е да учествуваат припадници на заедницата на која ѝ е посветен медиумот. Ова значи дека, во организациска смисла, медиумот на заедницата мора да има развиена структура која го олеснува и поттикнува учеството на припадниците на заедницата на различни нивоа.

Облиците на организациската структура можат да бидат различни, во зависност од спецификите на конкретниот правен контекст во кој работат медиумите на заедницата. Но, важно е да се нагласи дека припадниците на заедницата треба да бидат застапени на различни нивоа: и во сопственичката, и во управувачката и во оперативната структура (редакцијата) на медиумот на заедницата.

Искуствата на другите земји покажуваат дека доколку овие прашања не се соодветно решени, тоа може сериозно да ги поткопа кредибилитетот, угледот и одржливоста на секој поединечен медиум на заедницата, но и на целиот сектор. Затоа, многу е важно да му се помогне на овој сектор со развивање кодекси или насоки за начинот на организирање и управување, кон кои ќе се придржуваат сите организации кои основаат ваков вид медиуми.

Според актуелниот Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, непрофитните радиодифузни установи (радија) можат да бидат основани само од образовни, културни и други установи и здруженија на граѓани и фондации. Тоа значи дека правната форма на овие субјекти подетално се уредува со Законот за установи, но во документот за политики на регулаторното тело нема подетални насоки околу сопственоста и начинот на организација на медиумите на заедницата, кога се основани од здруженија на граѓани или фондации.

Внесувањето на непрофитните онлајн медиуми, вклучително и онлајн медиумите на заедницата во медиумската легислатива би подразбирало внесување и минимални правила за регулирање на прашањата на сопственичката структура и внатрешната организација на медиумот.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА МЕДИУМИТЕ НА ЗАЕДНИЦАТА

Одржливото финансирање е едно од централните прашања во дебатата за развој на медиумите на заедницата. Самиот карактер на овој медиумски сектор упатува на тоа дека тој треба да функционира врз основа на непрофитен и некомерцијален принцип. Притоа, се посочува дека е важно да се обезбедат поголем број различни извори на финансирање – приватни и јавни, со цел да се заштити независноста на уредувачката политика и функционирањето на медиумот[10].

Непрофитноста како концепт, притоа, не значи дека медиумите на заедницата не смеат да добиваат средства и од приватни извори или да користат комерцијални практики (спонзорство или ограничен обем реклами). Важно е тоа дека приходите добиени од овие извори треба да се вратат во основната функција на медиумот и доколку со легислативата се дозволат, тие треба да се ограничат, за да не бидат конкуренција на приватните медиуми. Исто така, нужно е да се води сметка за почитување на етичките принципи во рекламирањето[11].

Сепак, дури и да се дозволи на медиумите на заедницата да се потпираат на комерцијални и приватни извори, искуствата од другите земји покажуваат дека тоа не е доволно за нивното стабилно и долгорочно работење. Затоа, особено е важно дали државата обезбедува одржлива и стабилна рамка за финансирање и развој на овој сектор од јавни извори. Советот на Европа, во своите документи[12] ги повикува државите членки на СЕ да го поддржат формирањето и функционирањето на

[10] Петреска-Камењарова, Е. „Медиуми на заедницата: концепти, развој, искуства“. Институт РЕСИС, Скопје, февруари 2023, стр.16.
[11] Ибид, стр.16.
[12] Recommendation CM/Rec(2018)1 of the Committee of Ministers to member States on media pluralism and transparency of media ownership.

малцински, регионални, локални и непрофитни медиуми на заедницата, обезбедувајќи и финансиски механизми за поттикнување на нивниот развој. УНЕСКО има исто така усвоено неколку документи во кои нагласува дека јавното финансирање е клучно за одржливоста на медиумите на заедницата, посочувајќи три можни видови извори: директно јавно финансирање, финансирање од странски фондови и индиректно финансирање[13].

Имајќи го предвид токму овој став на Советот на Европа и на другите меѓународни организации, во својот документ за политики од 2015 година, медиумскиот регулатор и самиот препорачал воведување фонд за развој на непрофитните медиуми, вклучително и за медиумите на заедницата[14].

[1] UNESCO Community Media Sustainability Policy Series, 5. Providing Public Funding for Community Broadcasting, 2017.
[2] Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Концепт за развој на непрофитните радиодифузни установи, 2015 година.

## КАДАР И ОБУКИ

Според искуствата на други земји[15], кадарот кој работи во медиумите на заедницата може да се состои од следните групи: (1) волонтери кои вообичаено се припадници на граѓанските организации или на заедницата на која е наменет медиумот; (2) лица кои се платени од сопствените финансиски ресурси на медиумот; (3) лица кои се ангажирани за обуки и менторство; (4) други лица, кои се вообичаено платени од организација која го поддржува медиумот и кои вршат специфични задачи (сметководствени, административни работи и сл.).

Искуството од развивањето на платформата Локал Актив, која финансиски е поддржана од донаторски средства[1], покажа дека се потребни сите четири категории ангажирани лица.

[15] “Community Media Policy”, Broadcasting Authority of Ireland, 2021.
[16] Во првата година од работењето (јули 2022 – јули 2023 година) Локал Актив беше финансиски поддршана од Националната фондација за демократија од САД (NED - National Endowment for Democracy). Во јуни 2023 година, НЕД одобри дополнително двегодишно продолжување на поддршката на Локал Актив.

Во првата категорија, како волонтери во Локал Актив беа ангажирани активисти на граѓанските организации кои работат во двата региона. Нивниот ангажман и натаму би се остварувал врз волонтерска основа, со соодветен надоместок за учеството во создавањето на содржините. Во втората категорија лица, во првите години од работењето или додека не се обезбедат редовни извори на одржливо финансирање, би требало да се ангажираат барем едно или две лица (уредник и заменик уредник) кои би биле редовно вработени, со полно или со скратено работно време[17]. Во третата категорија лица, врз хонорарна основа би биле ангажирани искусни новинари кои би работеле на обуки и менторство со граѓанските активисти. Во четвртата категорија, специфичните административни и други работни задачи, за Локал Актив ги вршеа лица ангажирани на самиот донаторски проект. До осамостојувањето на медиумот на заедницата, препорачливо е и натаму овие задачи да ги вршат лица од организацијата која го развива или поддржува основањето на медиумот.

[17] Во текот на првата пилот-година Локал Актив имаше ангажирано новинар-уредник врз хонорарна основа.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Медиумите на заедницата како дел од третиот (непрофитен) медиумски сектор имаат исклучително важна улога во вкупната медиумско-плуралистичка слика во земјава, особено поради фактот што се директно поврзани со комуникациските потреби на локалните, малцинските имаргинализираните заедници. Политики за развој на непрофитните медиуми беа развиени само во радиодифузниот сектор, но сепак отсуствуваше поддршка од клучните надлежни државни институции.

Во дебатите што се водат во рамки на започнатите реформи на медиумски сектор, од претставниците на новинарските и медиумските здруженија и на граѓанските организации од јавната сфера беше нагласено дека развојот на медиумите на заедницата во онлајн сферата може значително да влијае врз

јакнењето на локалната плуралистичка демократија со тоа што ќе култивира партиципативни практики меѓу припадниците на локалните заедници. Медиумите на заедницата, се клучен елемент во притисокот за демократизација и владеење на правото бидејќи им даваат јавно значење на локални и „заборавени“ теми, што се од важност за развојот на припадниците на локалните, малцинските и маргинализираните групи и заедници.

Стратегиското развивање на овој сектор има потенцијал да ја зајакне моќта на локалните заедници со тоа што ќе ги децентрализира комуникациски процеси и ќе поттикне создавање на структури кои на квалитетен начин можат да креираат медиумски содржини за теми кои исчезнаа од јавната сфера и поради тоа ја загубија политичката релевантност. Покрај тоа, развојот на овој сектор има потенцијал да им отвори на локалните новинари можности за вработување и поле за професионална соработка со граѓанските организации.

Развојот на медиумите на заедницата во РСМ подразбира решавање на повеќе дилеми и преземање мерки во поглед на следниве неколку домени:

**Унапредување на медиумската легислатива**

- Да се унапредат одредбите на Законот за медиуми во насока на усогласување со новата Регулатива за слобода на медиумите (European media Freedom Act) и другите документи на ЕУ и Советот на Европа за развој на медиумскиот плурализам. Потребно е во Законот за медиуми да се внесат минимални одредби за онлајн медиумите, во поглед на нивниот правен статус, обврската за регистрација, концентрација на сопственоста, транспарентност на сопственоста и на изворите на финансирање и др.
- Да се разгледа предлогот на АВМУ за основање фонд за развој на непрофитните медиуми, односно предлогот за воведување фонд за развој на плурализмот на новинарските здруженија и граѓанските организации од медиумскиот сектор. Да се предложат нови одредби во медиумската легислатива со цел да се воведе фонд.

**Регулаторна политика**

- Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги треба проактивно да го следи остварувањето на зацртаните политики за развој на медиумскиот плурализам и во пирок процес на јавни консултации да предлага мерки за развој на непрофитните меидуми на заедницата.
- По донесувањето на измените на Законот за медиуми Агенцијата треба да изработи нов документ за политики за развој на медиумите на заедницата кој ќе се потпира врз концептот за „општествените придобивки“ што ги носат медиумите на заедницата.
- ·Користејќи ги можностите за соработка со други регулаторни тела, АВМУ може да организира воспоставување на шеми за соработка и програми за размена на искуства на медиумите на заедницата од РСМ со медиуми на заедницата од други земји каде овој сектор е особено развиен.

**Саморегулација**

- Медиумите на заедницата треба да станат дел од системот на саморегулација, со тоа што ќе пристапат како членки на Советот за етика во медиумите (СЕММ), односно на Регистарот на професионални онлајн медиуми.
- При зачленувањето во СЕММ, медиумите на заедницата треба да ги прифатат и имплементираат Кодексот на етика во медиумите и Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.

- ·Самите медиуми на заедницата треба да развиваат кодекси или насоки за начинот на организирање и управување, што ќе бидат основа за сите организации кои сакаат да основаат ваков вид медиуми.

**Мрежи на организирање и граѓанска партиципација**

- ·Во рамки на Мрежата од совети на публики неопходно е да се развиваат нови партнерства меѓу граѓански организации од другите региони на РСМ, заради формирање нови медиуми на локалните заедници.
- Медиумите на заедницата треба да ја зајакнуваат соработката со локалните граѓански организации и да поттикнуваат партиципација на што поголем број нови граѓански активисти во создавањето на содржините.

**Диверзификација на изворите на финансирање и поддршка**

- Независно дали во медиумската легислатива ќе се воведе фонд за плурализам до кој ќе имаат пристап и непорфитните медиуми, сепак се неопходни стратегии за диверзификација на изворите на финансирање и поддршка на медиумите на заедницата.
- Самите медиуми на заедницата треба да развиваат нови облици на застапување кај локални организации или компании кои можат да обезбедат долгорочни облици на поддршка на заедницата на која е посветен медиумот.
- Имајќи го предвид фактот што овој сектор дури допрва треба да се развива во земјата, неопходно е граѓанските организации да развиваат идеи и иницијативи за нови шеми на донаторска поддршка насочени кон развојот на овој медиумски сектор и неговиот придонес во јакнењето на локалната плуралистичка демократија.

RESIS
RESEARCH INSTITUTE ON SOCIAL DEVELOPMENT

## Институт за истражување на општествениот развој - РЕСИС

Документот е изработен во рамки на проектот „Поттикнување на граѓанскиот ангажман во локалното владеење“, поддржан од Националната фондација за демократија, САД

За повеќе информации, контактирајте не на: office@resis.mk

© Јуни, 2023, Институт за истражување на општествениот развој РЕСИС